# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 136 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ЗАТВОРАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЗАТВОРЕНО ГРАДИЛИШТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на затворање и означување на затворено градилиште.

## Член 2

Градежен инспектор ќе го затвори градилиштето со поставување на посебен службен знак со кој ќе го означи градилиштето за затворено, пред донесување на решение за затворање.

## Член 3

Градилиштето се означува за затворено со поставување на видно место на посебен службен знак.

## Член 4

Посебниот службен знак содржи:
1. На жолта основа со големи болдирани црни букви стои следниот текст: „ЗАТВОРЕНО ОД ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА" и поставување на ленти на жолта основа на кои ќе се впише текстот со црни букви: „ЗАТВОРЕНО ОД ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА", кои се поставуваат од надворешната страна на градилиштето;
2. Основот врз кој се донесува решението со кое се наредува да се прекине натамошната изградба или отстранување на градба, односно нејзин дел;
3. Рокот до кој што треба да се усогласи натамошната изградба или отстранување на градба, односно нејзин дел;
4. Органот кој го наредил затворањето и
5. Име, презиме и потпис на инспекторот кој го наредил затворањето на градилиштето.

## Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на затворање и означување на затворено градилиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/05).

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.01-2683/2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески** , с.р.